Co-funded by the European Union

german cooperation
DEUTSCHE ZUSAMMENARBEIT

Implemented by giz Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (GIZ) GmbH

IMPEL European Union Network for the Implementation and Enforcement of Environmental Law

# SPIDER WEB

Strategic Project to Increase the Detection and Disruption of Environmental Crime in the Western Balkans



# Извештај од Проектот

Декември 2019

# Борба против сериозниот криминал во Западниот Балкан: Извештај за спроведениот Проект за криминал со отпад и криминал во животната средина во Албанија, Босна и Херцеговина, Косово[1]*, Република Северна Македонија, Црна Гора и Србија

[1] ** Со овој назив не се доведуваат под прашање ставовите кои се однесуваат на статусот и истиот е согласно РСБОН 1244/1999 и со мислењето на Меѓународниот суд за прогласувањето на независност на Косово*

# Содржина

Извршно резиме ... 4
Благодарност ... 7
1. Вовед ... 8
2. Опфат и предмет на интерес ... 8
3. Методологија ... 9
4. Содржина на обуката ... 10
5. Информации за обуките ... 11
6. Евалуација ... 11
7. Он-лајн алатка за обука ... 12
8. Завршна конференција на Проектот SPIDER WEB ... 12
9. Заклучоци и препораки ... 13
9.1. Заклучоци ... 13
9.2. Препораки ... 14
9.2.1. Општи ... 14
9.2.2. Национално ниво ... 14
9.2.3. Прекугранична соработка ... 15

# Извршно резиме

Во 2018 и 2019 година се спроведе проект финансиран од Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ), кој го реализираше Мрежата на Европската Унија за спроведување на правните прописи во животната средина (IMPEL). Целта на Проектот беше да се зајакне свеста за важноста на борбата и спречувањето на кривичните дела во животната средина како и вештините и знаењата на сите чинители кои се вклучени во системот на спроведување на законот и санкционирање на прекршителите во шесте економии од Западниот Балкан кои беа вклучени во Проектот, со цел успешно да се спречат кривични дела во животната средина и поефикасно да се процесираат кривичните постапки против сторителите.

## Почетни истражувања

На почетокот на Проектот се спроведоа почетни истражувања за да се разберат тековните состојби и можните проблеми во практичната примена, спроведување и преземање дејствија согласно законската рамка за заштитата на природата и управување со отпадот. Резултатите на студијата понудија сеопфатен преглед на релевантната законска рамка во овој дел и на опфатот на законските прописи. Заклучок од ова е дека недостатоците во спроведувањето на постојните закони, кога станува збор за заштитата на природата и управување со отпадот, се едни од главните предизвици во регионот на Западниот Балкан. Со овој Проект се стави акцент врз недоволната свесност кога станува збор општо за криминалот во животната средина, и поконкретно за кривичните дела со живиот свет и отпадот, како и нискиот степен на важност кој им се посветува на овие видови криминал од страна на државните институции, органите за спроведување на законот како и органите на правосудството.

## Проценка на потребите за обука

Следниот чекор кој се презеде беше проценка на потребите за обука. Истата откри дека иако во сите земји-кориснички се преземаат иницијативи против кривичните дела во животната средина, неопходна е понатамошна обука, и тоа за сите чинители кои имаат улога во процесот на спроведување на законот и санкционирање на прекршителите. Освен обука во насока на јакнење на свесноста помеѓу сите чинители, обуките треба да бидат практични, насочени и скроени согласно потребите на целните групи.

## Национални семинари за обука

Во периодот помеѓу мај и ноември 2019 година, се одржаа шест национални семинари за обука, на кои зедоа учество инспектори за животна средина, полициски и царински службеници, јавни обвинители, судии, креатори на политиките и законите, издавачите на дозволи, претставници на канцелариите на народниот правобранител и невладините организации. Вкупно беа обучени 162 службеници, а во составот беа скоро поеднаков број на претставници од надлежните институции за спроведување на законите и за санкционирање на сторителите на кривични дела.

Иако генералниот фокус на Проектот беше на еколошки прашања, беше ставен приоритет врз разбирање на основните причини и на modus operandi на сторителите на еколошки криминал и врз тоа како успешно да се спречи и кривично да се гонат делата против животната средина. Онаму каде беше релевантно, во Проектот беа вклучени и други регулативи како што е Директивата за одговорност и Директивата за еколошки криминал. Во текот на обуките се посвети посебно внимание на важноста од координација, соработка и партнерство помеѓу сите инволвирани

чинители во системот на спроведување на законите и санкционирање на сторителите на еколошки кривични дела. Освен дискусија за законската основа, се дискутираа различните начини за обезбедување на докази, споделување на информации и анализа прекуграничната соработка и вклучување на мислења наоди од релевантните вешти лица.

Обуките наидоа на извонреден прием кај учесниците, и беа високо оценети. Учесниците потврдија дека обуките придонесоа кон подобрено разбирање за важноста на борбата против еколошкиот криминал и за (негативното) влијание на овие видови на криминал врз човековото здравје, животната средина, економијата. Понатаму, беше дадена целосна потврда на потребата за мултидисциплинарна соработка и партнерство помеѓу клучните институции вклучени во системот на спроведување на законот и санкционирање на прекршителите. Јакнење и формализирање на соработката на централно ниво беа спомнати како суштински предуслов за поефикасна борба против еколошкиот криминал. Понатаму, како приоритетна беше спомната соработката со специјализирани организации и/или специјализација на претставници на надлежните установи за овие прашања. Понатаму, економиите од Западниот Балкан препорачаа воспоставување на мрежа на надлежни органи во областа на кривични дела против животната средина, како и споделување на искуства и позитивни практики и координирање на заеднички активности преку воспоставување на редовни состаноци.

## Он-лајн алатка за обука

Материјалите кои беа користени во текот на обуката вклучуваат слајдови, студии на случај како и упатување на соодветните прописи и алатки, и сите овие материјали беа собрани и се достапни преку он-лајн платформата: Portal for Environmental Enforcers (портал за органите за спроведување на законите во животната средина)[2] - PREVENT. Се изготвија два комплета на алатки достапни за користење, еден за кривични дела против дивиот свет, а другиот за кривичните дела поврзани со отпад. Целта на овие алатки е да се обезбедат суштински информации за овие два вида кривични дела, но и за меѓународните регулативи и договори во областа на управување со отпад и заштита на живиот свет, за потребите и за нивно користење од страна на институциите и органите надлежни за спроведување на законите, пристаништата и капетаниите и царинските власти, инспекторите за животна средина, судиите и обвинителите. Овие алатки претставуваат збир на информации и добри практики од релевантни прирачници и извештаи, закони, студии на случај и алатки прибрани и осмислени да даваат поддршка на целокупниот склоп на институции и органи кои заеднички работат на сузбивање на прекуграничниот криминал со дивиот свет и отпадот на најефикасен начин.

## Завршна конференција

Завршната SPIDER WEB Конференција се одржа на 13 ноември 2019 година. Во прилог следи краток преглед на препораките кои произлегоа од конференцијата:

- Организациите кои помагаат да се промовира јакнење на борбата против еколошкиот криминал во економите на Западен Балкан треба да продолжат да даваат поддршка на регионот преку организирање и финансирање на практични активности, како што е јакнење на капацитетите и спроведување на заеднички проекти. Но за возврат, организациите треба да ги обезбедат

[2] *PREVENT е достапен преку: www.impel-prevent.eu*

потребните ресурси и стручно знаење за соодветно управување и реализација на ваквите активности.

- Како надоврзување на искуствата стекнати преку проектот SPIDER WEB, потребно е да се размислува и да се поттикне продолжување на истиот со конкретен фокус на специјализирана обука чија цел е биде поефикасно откривање на кривичните дела против животната средина. Ова може на се направи и по хоризонтала (со вклучување на сите засегнати страни во синџирот на спроведување на законите и санкционирање на сторителите) и/или по вертикала (со фокусирање на конкретен орган или институција, на пр. царина, судство или инспекторат за животната средина).
- Неопходно е да се воспостават партнерства со приватниот сектор, како и да се има редовна соработка и размена на информации со домашните невладини организации кои се активни во полето на животната средина, и да се дискутира за соодветни мерки со кои би се зајакнала улогата на овие организации во кривичните постапки.
- Потребно е да се развијат превентивни програми и кампањи за јакнење на свеста за борбата против еколошкиот криминал, насочени кон јавниот сектор и/или конкретни ризични групи, ризични видови на однесување, како и за идентификување на нови еколошки проблеми и теми од висок ризик.

# Благодарност

Овој извештај, по барање на IMPEL, го изготвија членовите на тимот на SPIDER WEB, во кој се вклучени експерти од Холандија, Шкотска, Португалија, Турција и Швајцарија.

Тимот на SPIDER WEB сака да упати благодарност до сите експерти, судии, обвинители, инспектори за животна средина, полициски службеници, царински службеници ако и претставниците на институциите од економиите од Западниот Балкан, вклучувајќи ги Албанија, Босна и Херцеговина, Косово*, Република Северна Македонија, Србија и Црна Гора, кои учествуваа на обуките и ги споделија своите знаења и искуство. Понатаму, им изразуваме благодарност на Консултативната група, која вклучува претставници од шесте економии од западниот Балкан, Мисијата на ОБСЕ во Албанија, Кривичниот Суд на Сеговија и Секретаријатот на Регионалниот совет за соработка (RCC), за водството на проектот кое го демонстрираа.

Поконкретно, им благодариме на националните координатори на IMPEL за нивната исклучителна заложба за организирање и овозможување на обуката во нивните економии. Нивниот придонес кон Проектот SPIDER WEB беше непроценлив. Им благодариме и на националните експерти од Холандија, Финска Германија, Хрватска и Србија за нивната техничка поддршка во текот на семинарите за обука.

Тимот на SPIDER WEB изразува голема благодарност за финансиската поддршка и соработката кога ја оствариме со Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ).

**Проектен тим на SPIDER WEB:**

*Ненси Исарин (Раководител на Проектот)*
*Крис Дијкенс (Модератор и известувач)*
*Јаап Реијнгуд (Експерт за жив свет)*
*Фрејзер Ален (Експерт за управување со отпад)*
*Елен Грив (Службеник за комуникации)*
*Пинар Топкаја (Службеник за административна поддршка)*

** Со овој назив не се доведуваат под прашање ставовите кои се однесуваат на статусот и истиот е согласно РСБОН 1244/1999 и со мислењето на Меѓународниот суд за прогласувањето на независност на Косово*

# 1. Вовед

Еколошкиот криминал е сериозен и тежок национален и меѓународен проблем кој има значително негативно влијание врз човековото здравје, еко-системите, животната средина и економијата. Понатаму, преку овој вид на кривични дела се поткопуваат владините мерки и политики за одржливо управување и заштита на животната средина и се подрива владеењето на правото.

Сузбивање на сериозниот и организиран криминал, што вклучува и борба против делата против животната средина кои се уредени со правото на ЕУ и домашните закони, како и со договори со кои се регулираат мерките против убивање, уништување, поседување или тргување со видови на заштитен див свет (посебно птици) или растителни видови, незаконската сеча / регулатива за дрва или противправно собирање, превоз, преработка или отстранување на (опасен) отпад, се клучните предизвици во Европа. Ниското ниво на свест за животната средина, неадекватниот процес на собирање и размена на податоци, недоволните финансиски и човечки ресурси како и незадоволителната соработка помеѓу клучните чинители ги попречуваат сите обиди за преземање на соодветни и ефикасни мерки за сузбивање на еколошкиот криминал. Во денешно време делата против животната средина сè уште не се сметаат за доволно голем приоритет, а во исто време нивното негативно влијание е значително.

Во 2018 и 2019 година се спроведе проект финансиран од Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ), кој го реализираше Мрежата на Европската Унија за спроведување на правните прописи во животната средина (IMPEL). Целта на Проектот беше да се зајакне свеста за важноста на борбата и спречувањето на кривичните дела во животната средина како и вештините и знаењата на сите чинители кои се вклучени во системот на спроведување на законот и санкционирање на прекршителите во шест економии во Западен Балкан, со цел успешно да се спречат и гонат кривичните дела во животната средина.

# 2. Опфат и предмет на интерес

Географскиот опфат на проектот беа следниве шест економии од Западниот Балкан:

- Албанија
- Босна и Херцеговина
- Косово*
- Република Северна Македонија
- Србија
- Црна Гора



Иако генерално, предметот на интерес на овој проект беа еколошки прашања, приоритетот беше ставен на разбирање на причините за појавата на еколошки криминал и како успешно да се сузбие истиот и како кривично да се гонат и санкционираат еколошките кривични дела во следните области:

* Со овој назив не се доведуваат под прашање ставовите кои се однесуваат на статусот и истиот е согласно РСБОН 1244/1999 и со мислењето на Меѓународниот суд за прогласувањето на независност на Косово.

1. Заштита на природата; вклучувајќи ја Регулативата на ЕУ за трговија со дива фауна и флора, Директивите за живеалишта и птици како и други регулативи кои се однесуваат на заштита на природата, како што е Регулативата за дрва и производи од дрва (EU TR), Регулативата за инвазивни страни видови (IAS).
2. Управување со отпад; покривајќи ги сите аспекти во синџирот, од местото на создавање на отпадот до превоз и третман кој е уреден со Директивите и регулативите на ЕУ за управување со отпад (вклучувајќи ја рамковната директива за отпад на ЕУ, Европската листа на отпад, Регулативата за превоз на пратки со отпад законите за посебните текови на отпад).

Онаму каде беше потребно, во Проектот се вклучија и други законски акти, како што е Директивата за одговорност како и Директивата за еколошки криминал. Се посвети посебно внимание и на важноста на координацијата, соработката и партнерството помеѓу сите засегнати чинители во системот на спроведување на законот и санкционирање на сторителите, што е неопходно за ефикасно и делотворно сузбивање на цела низа кривични дела против животната средина.

## 3. Методологија

Методологијата на проектот кој се спроведе се состоеше од 3 фази: почетни истражувања, Обука и Завршни активности. Во секоја фаза, беа спроведени следниве активности:




Во **првата фаза** (Почетни истражувања) се реализираа вакви истражувања во шесте економии во регионот на Западен Балкан во однос на актуелните состојби и можните пречки во практичното спроведување и изрекување на санкции согласно законите кои ја регулираат оваа материја, со посебен акцент врз заштита на природата и управувањето со отпад. Најпрво се спроведе канцелариско истражување преку детална анализа на законската рамка во економиите на западниот Балкан, како и на извештаите кои се однесуваат на степенот на имплементација на одредбите. Главни извори за ова активност беа Извештајот за напредок на ЕУ, документите на УНЕЦЕ, УНЕП како и други официјални документи. Дополнително, беа одржани 49 интервјуа со претставници на надлежните власти. Резултатите на оваа студија обезбедија сеопфатна и детална слика за нивото на имплементација на важечките прописи во животната средина, предизвиците кои претстојат во иднината, како и првични мислења за потребата за обука во областа на спречување и борба против еколошки криминал. Се чини дека е голем предизвик во регионот доследно спроведување на законите во оваа област и издвојувањето на ефикасна правна завршница. Понатаму, беше потенцирана и недоволната свесност за еколошкиот криминал во регионот, и следствено на ова и за кривичните дела со отпад и дивиот свет, како ниският приоритет кој им се дава на овие кривични дела од страна на владини установи, органи за спроведување на законот, обвинителството и судството.

Како следен чекот се спроведе „проценка на потребите за обука“ помеѓу сите инволвирани чинители, со фокус на сегашните знаења, капацитети и потреби за обука на сите засегнати страни во севкупниот систем за спроведување на законот и изрекување на санкции. Помеѓу останатите активности, беше доставен он-лајн прашалник до претходно одбрани тела и органи. Брз основа на резултатите на проценката, се изготви наставна програма која беше сообразна со потребите на анкетираните чинители. Резултатите на студијата беа дека е потребна дополнителна обука, која би се фокусирала на јакнење на свесноста на сите чинители. Обуката треба да биде практична, насочена и скроена според потребите на целните групи.

Во **втората фаза** (Обука) од проектот, се изготвија материјали за обука, и се реализира обука за сите вклучени економии од Западниот Балкан. Во обуката беа вклучени презентации, објаснување како да се користат алатките, вежби, сесии на работа во групи, студии на случај, како и упатства за користење од страна на различните групи учесници (претставници на органите кои ги издаваат дозволите, инспектори, полиција, обвинители, судии) во работилниците за обука. Еден дел од обуката беше посветен на создавање на генерална свесност за важноста на сузбивањето на еколошкиот криминал, како и на аспекти како што се координација, соработка и партнерство помеѓу сите засегнати страни во системот на спроведување на законот. Работилниците за обука придонесоа за распространување на постојните и новите алатки кои ги создаде IMPEL (како што се „Упатството за ефикасно планирање на инспекциска контрола на пратките со отпад“ како и Упатството за заштита на природата во постапката на издавање дозволи и инспекциска контрола на индустриските постројки) како и за проширена и зголемена соработка и синергија.

**Третата фаза** од проектот (Завршни активности) се фокусираше на развивање и осмислување на он-лајн алатката за обука и на прирачникот, на организирање на завршната SPIDER WEB конференција и на изготвување на извештајот за Проектот.

Алатката за обука ги обединува клучните области на учење од курсевите за обука, и има посебни делови за полицијата, обвинителите, судиите и организациите на граѓанско општество. Алатката ќе биде интерактивна и е достапна он-лајн за сите засегнати страни преку веб-страница која е достапна само со заштитена лозинка.

# 4. Содржина на обуката

Сите семинари за обука започнаа со пленарна сесија за претставување на SPIDER WEB проектот и на програмата од обуката. Преку кратка сесија на претставување, сите учесници меѓусебно ги споделија нивните очекувања од обуката. По ова следеше презентација за соработка и партнерство, со цел да се подвлече важноста на соработката помеѓу клучните чинители за успешно сузбивање на еколошкиот криминал.

Обуките продолжија со одделни сесии на теми посветени на криминалот со отпад и на заштита на природата. Се дискутираа студии на случај и се презентираа алатки кои им помагаат на надлежните органи да ги реализираат нивните активности. Паралелните сесии беа многу интерактивни, и од учесниците се бараше да дадат свој придонес на дискусиите со споделување на нивните ставови и

искуства. Овој формат се испостави дека е многу ефикасен и дека води кон взаемно учење и разбирање.

Сите обуки завршуваа со сесија за евалуација и со темелна дискусија за идните потреби и за тоа каде може да се применат научените лекции од обуката. Секој учесник доби сертификат како потврда за учество и придонес во обуката.

## 5. Информации за обуките

Обуките се реализираа во временскиот период од мај до ноември 2019. Беа обучени вкупно 162 учесници (види табела подолу), со рамномерно распределена застапеност на клучните чинители во системот на спроведување на законот и санкционирање на прекршителите. Под категоријата „други“ најмногу учествуваа НВО, други креатори на политиките, претставници од институцијата народен правобранител, работодавачите, идр.

Табела 1.

| | Северна Македонија | Албанија | Косово* | Србија | Босна и Херцеговина | Црна Гора | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Датум на обуката** | 7 – 9 мај | 14 – 16 мај | 5 – 7 јуни | 10 – 12 септември | 24 – 26 септември | 5 – 7 ноември | **Вкупно:** |
| **Инспектори** | 12 | 9 | 11 | 12 | 7 | 3 | **54** |
| **Издавачи на дозволи** | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 3 | **4** |
| **Полициски службеници** | 4 | 2 | 1 | 2 | 18 | 2 | **29** |
| **Царински службеници** | 2 | 0 | 0 | 2 | 6 | 0 | **10** |
| **Обвинители** | 1 | 2 | 2 | 8 | 1 | 3 | **17** |
| **Судии** | 3 | 0 | 2 | 0 | 1 | 5 | **11** |
| **НВО и други** | 8 | 9 | 8 | 5 | 3 | 4 | **37** |
| **Вкупно** | **30** | **22** | **24** | **30** | **36** | **20** | **162** |

## 6. Евалуација

Секоја сесија за обука беше оценета преку формулар за евалуација кој го пополнуваа учесниците. Формуларот беше осмислен на начин преку кој, врз основа на 16 прашања за квалитетот на содржината на обуката, тренерите, применливоста на понудените информации и знаење, релевантност на обуката за работата, сместувањето и др, учесниците дада своја оценка за сите овие елементи во вредност од 1 до 10. Просечната оценка за секој од одржаните семинари одделно е наведена во Табела 2. и истата се движи помеѓу 8,69 и 9,56. Вкупниот просечен резултат е 9,10, што покажува дека обуките беа прифатени и оценети многу добро. Освен оценувањето на обуките, учесниците имаа можност и усно да ги изнесат своите впечатоци за обуката, да дадат свои забелешки, предлози и совети, и да дискутираат какви понатамошни активности се потребни. Преку

отворена дискусија на крајот на секоја обука, учесниците дадоа свои коментари кои беа многу корисни во однос на планирање на идните активности. Многу од резултатите од евалуацијата се содржани во делот за заклучоци и препораки од проектот (види поглавје 9).

Табела 2.

| | Северна Македонија | Албанија | Косово* | Србија | Босна и Херцеговина | Црна Гора | **Вкупен просечен резултат** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Просечен резултат по обука** | 9,16 | 9,56 | 8,69 | 8,80 | 8,88 | 9,31 | **9,10** |

## 7. Он-лајн алатка за обука

Материјалите кои се користеа во текот на обуката, вклучувајќи ги слајдовите, студиите на случај и упатувањето на различни закони и алатки, беа собрани и ставени на он-лајн платформа наречена: Портал за органите за спроведување на законите во животната средина[3] (PREVENT). Се изготвија два комплета на алати, еден за кривичните дела против живиот свет а другиот против криминалот со отпад. Целта на овие алатки е да им се обезбедат неопходните информации за овие видови криминал на засегнатите тела и органи за спроведување на законот, на царинските власти, пристаништа и капетании, инспектори за животната средина, обвинители и судии, како и информации за постојните спогодби и договори за заштита дивиот свет и за регулирање на трговијата со отпад. Комплетот на алатки е надополнет со информации и добри пракси од релевантни прирачници и извештаи, закони, студии на случај и алатки кои се собрани и осмислени за да помогнат на целокупниот систем за спроведување на законот и за борба против нелегалната трговија со отпад и див свет и прекуграничниот криминал.

Овој портал е достапен за регулатори, практичари и службеници задолжени само за спроведување на законите од областа на животната средина. Пристап до истиот може да се побара преку веб-сајтот: www.impel-prevent.eu

## 8. Завршна конференција на Проектот SPIDER WEB

Завршната конференција на Проектот SPIDER WEB се одржа на 12 и 13 ноември 2019 во Загреб. Притоа, на 45 учесници им беше понудена можноста да заеднички да дискутираат за целокупниот систем на спроведување и (не)почитување на законските одредби. Се одржаа мини работни сесии во помали групи на клучни теми, а имаше и пленарна панел дискусија на која претставниците од економиите од Западниот Балкан изнесуваа свои ставови и мислења и дискутираа на теми од важност за проектот, нивни гледишта за тоа кој е можниот исход од примената на договорените

[3] *PREVENT е достапен на: www.impel-prevent.eu*

активности, како и разговараа за идните потреби и активности во поддршка на саканите мерки. Понатаму се одржа и пленарна дискусија за практичната имплементација на резултатите од Проектот SPIDER WEB, како и за поддршката која можеби ќе биде потребна или очекувана од партнерските организации, како што е IMPEL. Конференцијата за заклучи со претставување на заклучните согледувања и препораки од проектот.

# 9. Заклучоци и препораки

## 9.1. Заклучоци

Резултатите од Проектот потврдуваат дека:

- Учесниците со големо задоволство присуствуваа на обуките, кои ги гледаат како можност да се изнајдат решенија и практична помош во напорите на застапените институции и можност помалку искусните претставници да научат од поискусните практичари.
- Обуките и конференцијата се одраз на потребата за поголема свесност и потребните вештини на сите чинители во системот на спроведување на законот, за успешно и ефикасно да се спречуваат и откриваат кривичните дела против животната средина; поконкретно кривичните дела против природата и управувањето со отпад.
- Обуките наидоа на извонреден прием кај учесниците. Учесниците го потврдија фактот дека е неопходна соработка помеѓу сите чинители во земјата како и прекугранична соработка, како предуслов за успешно сузбивање на овие видови на криминал. Овие обуки овозможија претставници на надлежни органи и тела да се сретнат и дискутираат заеднички на овие теми.
- Ефикасната борба против еколошкиот криминал бара сеопфатен и мултидисциплинарен пристап на сите нивоа и вклученост на сите релевантни политики, инструменти и надлежни власти.
- За сузбивање на еколошкиот криминал, потребно е инволвирање на стручни лица преку мултидисциплинарен пристап, и тоа лица со поголеми познавање за финансиски, еколошки, компјутерски и форензички криминал.
- Учесниците потврдуваат дека успехот на севкупниот систем на спроведување на законите и сузбивање на еколошкиот криминал зависи од експертизата и квалитетот на сите вклучени чинители и нивната меѓусебна поврзаност. Следствено на ова, успешната борба против криминалот и кривичниот прогон на сторителите ќе зависи од капацитетите на најслабата алка во целиот овој синџир на институции и надлежни органи.
- Соработката со земјите од соседството и меѓународните организации кои ја нудат својата поддршка треба дополнително да се зајакне, и еден успешен начин како ова да се постигне е преку реализација на заеднички активности.
- Потребен е активен пристап за собирање и споделување на информации помеѓу и од страна на клучните партнери. Потребните доказни материјали мора да се прибираат на ефикасен и ефективен начин, истите мора да се анализираат и искористат во истражната и судската постапка на внимателен и целисходен начин.
- Алатките[4] изготвени од IMPEL се корисен извор на информации за корисниците на Проектот. На пример, во алатката се содржани насоки за тоа како да се врши инспекциски надзор на депонии, прирачник за локации каде се пренесува отпад, упатство чекор по чекор за тоа како се врши

[4] *Алатките на IMPEL се достапни преку: https://www.impel.eu/tools/*

инспекциска проверка на пратките со отпад. Понатаму се дискутираше IMPEL-ESIX[5] како корисна комуникациска алатка во реално време за размена на информации и соработка во полето на заштита на природата помеѓу надлежните служби и органи, националните власти и домашните, регионалните и меѓународните организации на засегнатите страни.

## 9.2. Препораки

Ова се препораките на Проектот:

### 9.2.1. Општи

- Организациите кои работат на зајакнување на борбата против криминалот во животната средина во економиите на Западен Балкан се охрабруваат да продолжат да го поддржуваат регионот преку организирање и финансирање на практични активности, како што се градење на капацитетите и заеднички проекти. Ниту една друга програма на ЕУ или на регионално ниво не работи на подобрување на овие недостатоци. Од нивна страна, организациите на економиите од Западен Балкан ќе одделат свои ресурси на време и експертиза за управување и спроведување на вакви активности.
- Како надоврзување на искуствата стекнати преку проектот SPIDER WEB, потребно е да се размисли за продолжување со истиот или со нов проект со фокус на практична и специјализирана обука, која вклучува и обуки на одредени категории на специјалисти, чија цел ќе биде поефикасно откривање на кривичните дела против животната средина како и активна размена на добри практики на регионално и национално ниво. Ова може на се направи и по хоризонтала (со вклучување на сите засегнати страни во синџирот на спроведување на законите и санкционирање на сторителите) и/или по вертикала (со фокусирање на конкретен орган или институција, на пр. царина, судство или инспекторат за животната средина).
- Неопходно е да се воспостават партнерства со граѓанскиот сектор, како и да има редовна соработка и размена на информации со домашните невладини организации кои се активни во полето на животната средина, и да се дискутира за соодветни мерки со кои би се зајакнала улогата на овие организации во кривичните постапки.
- Потребно е да се развијат превентивни програми и кампањи за јакнење на свеста за борбата против еколошкиот криминал, насочени кон јавниот сектор и/или конкретни ризични групи, ризични видови на однесување, како и идентификување на нови еколошки проблеми и теми од висок ризик.
- Да се развијат напредни наставни програми за различни целни групи кои треба да се вклучат во програми за обука, а обуките да ги реализираат овластени академии за обука.
- Да се ревидираат и ажурираат постојните стандардни оперативни процедури и истите да се вклучат во он-лајн алатките.
- Активно да се разменуваат информациите за контакт на сите учесници во Проектот.

### 9.2.2. Национално ниво

Се повикуваат страните - кориснички на Проектот како и претставниците на надлежните тела и органи кои беа застапени да ги разгледаат следниве предлози и препораки:

[5] *Пристапот до IMPEL ESIX оди преку: https://www.impel-esix.eu/*

- Да се воспостави структурирана национална меѓу-агенциска платформа или мрежа за меѓуинституционална координација и соработка за примена и сообразност со законодавството за животна средина, во која ќе учествуваат претставници на сите органи и тела за спроведување на законот и органите на правосудството (обвинители и судови). Оваа структура треба да се формализира преку протоколи или меморандуми за соработка.
- Да се развие платформа на национално ниво со вклучување на сите клучни засегнати страни и да се развие и усвои визија, стратегија и политика за усогласеност и спроведување на законите во животната средина, и истите да бидат вклучени во Националниот План на Република Северна Македонија и во одделните планови на различните институции.
- Во националниот план да се вклучат приоритетите и различните ставови и да се вклучи јасен опис на улогите и обврските на сите засегнати органи и тела.
- На национално ниво да се преиспита рамнотежата помеѓу административниот и кривичниот пристап кон еколошкиот криминал, и да се овозможи кривичното право целосно да ја исполни својата репресивна и одвраќачка функција.
- Да се ревидираат националните закони и да се разграничи помеѓу полесните и потешките кривични дела од една страна и помеѓу административните прекршоци од другата страна, со цел да се изградат политики на најефикасно изрекување на санкции.
- Со оглед на природата и обемот на Националниот План за спроведување на законите за животна средина и санкционирање на извршителите, неопходно е да се спроведе соодветен мониторинг, евалуација и известување за ефикасноста на мерките.
- Да се назначат централни лица за контакт задолжени за координирање и соработка во активностите за спроведување на законот и гонење на прекршителите, во координација со останатите надлежни органи и тела. Овие лица за контакт треба да се интегрираат во национална и регионална мрежа (на Западен Балкан) на централните лица за контакт.
- За да се промовира активна размена на информации помеѓу надлежните власти (инспекторите за животна средина), полицијата, царинските органи како и судиите и обвинителите, централните лица за контакт на надлежните власти треба да играат клучна улога во споделување на информациите.
- Како поддршка на работата на платформата и на надлежните органи, треба да се размисли да се развие интегриран информативен систем, кој ќе содржи релевантни податоци собрани од сите вклучени органи. Преку анализа на овие собрани податоци и статистика ќе се добијат информации за потенцијални ранливи точки кои ќе помогнат во борба против криминалот во животната средина на сеопфатен, систематски, сигурен и ефикасен начин.
- Да се работи на специјализирање во полицијата и судството на лица кои работат на еколошки криминал, понатаму да се остручат и специјални обвинители за еколошки теми и да се создаде национална експертиза во областа на еколошкото право.
- Да се воспостави централна еколошка единица во полицијата или инспекторатот за животна средина на национално ниво. Тоа може да се користи како платформа за поддршка и промоција на мултидисциплинарен пристап во оваа област и оваа единица може да биде активен партнер на меѓународно ниво (Интерпол, Европол и ЕУ).

### 9.2.3. Прекугранична соработка

Еколошкиот криминал не познава граници, и следниве препораки се однесуваат на прекуграничните активности и работење:

- Да се воспостави регионална мрежа на властите во Западен Балкан вклучени во борбата против еколошкиот криминал, преку која ќе споделуваат искуства и добри практики и ќе координираат заеднички активности преку редовни состаноци.
- Економиите од Западен Балкан треба да се стремат кон усогласување на санкциите за кривичните дела против животната средина за да се надмине сегашната состојба на дисбаланс. Ова усогласување ќе ги изедначи условите за сите чинители вклучени во овие активности.
- Со оглед на ограничената експертиза и број на стручни лица во оваа област, треба да се формира група на меѓународни експерти кои може да работат во регионот на Западен Балкан по барање, или на конкретни предмети, по потреба.
- Треба да се охрабри и истражува соработка и синергија помеѓу лабораториите и научните институти во и помеѓу економиите на Западен Балкан. Треба да се воспостави мрежа на контакти и соработката може да се формализира преку меморандуми за соработка.
- Економиите од Западен Балкан треба да воспостават прекугранична соработка помеѓу одговорните органи со цел активна размена на информации за ефикасно справување со (меѓународните) кривични дела против животната средина.
- Треба да се промовира и охрабрува прекугранична соработка преку спроведување на заеднички активности. Програмата за размена на службеници од различни органи може да го олесни овој процес.
- Треба да се промовира соработка за спасување на запленети живи растенија и животни. Може да се разгледа и формирање на регионална станица за спасување и / или точка за координација за спасување на овие видови на флора и фауна во зоолошките градини или во институции кои се специјализирани за овие видови.

*Проектот SPIDERWEB загатна многу предизвици со кои се соочува Западниот Балкан во борбата против кривичните дела против дивиот свет и со отпадот. Од клучна важност е и понатаму да се јакне свеста и капацитетот за поврзување со организации кои играат важна улога во спречување, откривање и гонење на кривичните дела во животната средина. IMPEL може многу да помогне во дефинирање на улогата и на идните чекори во оваа насока.*